

# Пита за непријателот

Ученик:

од Дерек Мунсон

Илустрирано од Тара Калахан Кинг

Летото беше совршено сè додека Џереми Рос не се всели во куќата веднаш до куќата на мојот најдобар пријател Стенли. Не ми се допаѓаше Џереми. Организираше забава, а мене дури не ме ни покани. Но мојот најдобар другар Стенли беше поканет. Никогаш сум немал непријател, сè додека Џереми не се всели во соседството. Тато му кажа дека кога бил на моја возраст, и тој имал непријатели. Но знаел начин како да се спаси од нив. Тато извади едно излитено парче хартија од книгата со рецепти. „Пита за непријателот", рече задоволно. Можеби се прашувате што точно има во Питата за непријателот. Тато рече дека рецептот е толку таен што не можел дури ни мене да ми го каже. Го молев да ми каже нешто – што било. „Ќе ти го кажам ова, Том", рече. „Питата за непријателот е најбрзиот познат начин да се ослободиш од непријателите." Тоа ме замисли. Какви грозни работи јас би ставил во Питата за непријателот? Му однесов на тато глисти и камења, но тој веднаш ми ги врати.



Излегов надвор да си играм. Цело време ги слушав звуците што татко ми ги правеше во кујната. Ова, сепак, би можело да биде одлично лето. Се обидов да замислам колку одвратно мириса Питата за непријателот. Но намирисав нешто навистина добро. Колку што можев да сфатам, мирисот доаѓаше од нашата кујна. Бев збунет. Влегов внатре да го прашам тато што не е во ред. Питата за непријателот не би требало да мириса толку добро. Но, тато беше паметен. „Ако мириса лошо, твојот непијател никогаш не би ја изел", рече. Ми беше јасно дека и претходно правел таква пита. Алармот на рерната заѕвони. Тато ги стави кујнските ракавици и ја извади питата. Изгледаше сосема добро за јадење! Почнував да сфаќам. Но сè уште не бев сигурен како делува Питата за непријателот. Што точно им правеше на непријателите? Можеби од питата ќе им падне косата или ќе им смрди здивот. Го прашав тато, но тој не ми помогна. Додека питата се ладеше, тато ми кажа што треба да направам. Тој шепотеше. „За да делува, треба да поминеш еден ден со непријателот. Дури и полошо, мора да бидеш љубезен со него. Не е лесно. Но тоа е единствениот начин Питата за непријателот да делува. Сигурен ли си дека сакаш да го направиш ова?" Се разбира дека бев сигурен. Сè што требаше да направам беше да поминам еден ден со Џереми, а потоа тој ќе замине од мојот живот. Отидов со велосипедот до неговата куќа и чукнав на вратата. Кога Џереми ја отвори вратата, изгледаше изненадено. „Може ли да излезеш надвор да си играме?", го прашав. Тој изгледаше збунето. „Ќе одам да ја прашам мама", рече. Се врати со чевлите в рака. Малку возевме велосипеди, а потоа ручавме. По ручекот, отидовме кај мене дома. Беше чудно, но се забавував со мојот непријател. Не можев тоа да му го кажам на тато бидејќи многу се трудеше да ја направи питата. Игравме игри додека тато не нè повика за вечера. Татко ми го зготвил моето омилено јадење. Тоа, исто така, му било омилено јадење и на Џереми! Конечно, можеби Џереми и не беше толку лош. Почнав да си мислам дека можеби треба да ја заборавиме Питата за непријателот. „Тато", реков, „Навистина е убаво да имаш нов пријател." Се обидував да му кажам дека Џереми веќе не ми беше непријател. Но тато само се насмевна и климна со главата. Ми се чини дека мислеше дека само се преправам. Но по вечерата, тато ја донесе питата. Постави три чинии, една ми даде мене и една на Џереми. „Ау!" рече Џереми, гледајќи ја питата. Ме фати паника. Не сакав Џереми да ја изеде Питата за непријателот! Тој ми беше пријател! „Не јади ја!", извикав. „Не чини!" Виљушката на Џереми запре пред да стигне до неговата уста. Ме погледна чудно. Почувствував олеснување. Му го спасив животот. „Ако е толку лоша", праша Џереми, „тогаш зошто татко ти веќе ја изел половината?" Секако, тато си јадеше од Питата за непријателот. „Вкусно", мрмореше тато. Јас седев и ги гледав како јадат. На ниту еден од нив не му паѓаше косата! Се чинеше безбедно, па и јас каснав мал залак. Беше превкусно! По десертот, Џереми ме покани следното утро да одам кај него дома. А што се однесува до Питата за непријателот, сè уште не знам како се прави. Сè уште се прашувам дали непријателите навистина ја мразат, дали им паѓа косата или им смрди здивот. Не знам дали некогаш ќе го дознаам одговорот бидејќи тукушто го изгубив мојот најдобар непријател.







**Работен лист –ПИРЛС**

Легенда: (жолто) заокружи/штиклирај (сино) дополни/пример (портокалово) објасни/опиши/заклучи (зелено) препиши



# Пита за непријателот

1. Кој ја раскажува приказната?

| | |
|---|---|
| | А. Цереми |
| | Б. Тато |
| | В. Стенли |
| | Г. Том |

2. На почетокот на приказната, зошто Том мисли дека Цереми му е непријател?

3. Напиши една состојка за која Том мислел дека би била во Питата за непријателот.

4. Најди го делот од приказната до сликата со парче пита: Зошто Том мислел дека летото сепак би можело да биде одлично?



| | |
|---|---|
| | А. Сакал да си игра надвор. |
| | Б. Бил возбуден поради планот на тато. |
| | В. Добил нов пријател. |
| | Г. Сакал да ја проба Питата за непријателот. |

5. Како се чувствувал Том кога првпат ја помирисал Питата за непријателот? Објасни зошто се чувствувал така.

6. Што мислел Том дека би можело да се случи кога неговиот непријател ќе ја изеде Питата за непријателот? Напиши една работа.

7. Кои две работи таткото му кажал на Том да ги направи за да делува Питата за непријателот?

8. Зошто Том отишол во куќата на Цереми?

| | |
|---|---|
| | А. Да го покани Цереми на вечера. |
| | Б. Да му каже на Цереми да го остави Стенли намира. |
| | В. Да го викне Цереми да си играат. |
| | Г. Да го замоли Цереми да му биде пријател |

9. Што го изненадило Том во врска со денот поминат со Цереми?

10. На вечерата, зошто Том почнал да размислува дека тој и татко му треба да заборават на Питата за непријателот?

| | |
|---|---|
| | А. Том не сакал да го дели десертот со Цереми. |
| | Б. Том не мислел дека Питата за непријателот ќе делува. |
| | В. На Том почнал да му се допаѓа Цереми. |
| | Г. Том сакал Питата за непријателот да биде тајна. |

11. Како се чувствувал Том кога татко му му подал парче од Питата за непријателот на Цереми?

| | |
|---|---|
| | А. Вознемирено |
| | Б. Задоволно |
| | В. Изненадено |
| | Г. Збунето |

12. Која била тајната на таткото во врска со Питата за непријателот?

| | |
|---|---|
| | А. Тоа била обична пита. |
| | Б. Имала одвратен вкус. |
| | В. Тоа било неговото омилено јадење. |
| | Г. Тоа била отровна пита. |

| 13. Погледни ја оваа реченица од крајот на приказната: „По десертот, Џереми ме покани следното утро да одам кај него дома.“<br>- Што кажува оваа реченица за момчињата? | 14. Искористи го она што го прочита за да **објасниш зошто** таткото на Том навистина ја направил Питата за непријателот. |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | А. Тие сè уште се непријатели. |
| | Б. Тие не сакаат да си играат во куќата на Том. |
| | В. Тие сакаат да јадат уште од Питата за непријателот. |
| | Г. Тие можеби ќе станат пријатели во иднина. |

| 15. Каква личност е таткото на Том? Наведи пример што направил во приказната што го покажува тоа. | 16. Каква поука може да извлечеш од оваа приказна? |
|---|---|
| | |